# ОБВРСКИ НА ДЕЖУРНИТЕ УЧЕНИЦИ

- Дежурството го изведуваат двајца ученици, на влезот во ходникот;
- Дежурниот ученик не дозволува невработените лица сами да се движат низ училиштето, туку самиот ги повикува наставниците или ги носи до канцелариите;
- Останатите дежурни за време на големиот одмор се на своите одредени места;
- Дежурниот ученик се оддалечува од одреденото место само ако добие задача од наставник, стручната служба или директорот;
- Дежурниот ученик не смее да собира други ученици на местата за дежурање, ниту пак самите дежурни да се групираат заради дружење;
- Дежурниот ученик мора да отиде на час доколку прави писмена работа, тест или треба да одговара по некој предмет, но претходно да се јави кај дежурниот наставник;
- Доколку насети опасност или поголемо нарушување на дисциплината во ходниците, дежурниот ученик мора веднаш да го информира било кој вработен во училиштето што му е најблиску или обезбедувањето;
- Дежурниот ученик повремено да се движи низ ходниците и да врши проверка;
- Има обврска да го следи и евидентира влегувањето и излегувањето на лица кои не се вработени во училиштето;
- Да ги евидентира учениците кои постојано се движат низ училиштето за време на часовите;
- Да се грижи за редот и дисциплината за време на часовите и одморите;
- Дежурството на учениците се одвива во две смени додека трае наставата.